Државниот инспекторат за животна средина преку Државен инспектор за животна средина Зоран Стојнев, со службена легитимација број 06-0023, изврши редовен инспекциски надзор над субјектот на инспекцискиот надзор Прехрамбена ундустрија ВИТАМИНКА АД Прилеп Подружница фабрика 3-Штип,застапувано од Ѓорѓи Чепреганов управител со отпад, со Записник бр.Ип1-29-192 од 23.02.2026 година, ја утврди фактичката состојба и врз основа на сп член 232 став 1 алинеја 2 од **Законот за води** („Службен весник на Република Македонија" бр. 87/2008, 6/2009, 161/2009, 83/2010, 51/2011, 44/2012, 23/2013, 163/2013, 180/2014, 146/2015 и 52/2016) донесе:

## РЕШЕНИЕ

1)СЕ ЗАДОЛЖУВА правниот субјект Прехрамбена ундустрија ВИТАМИНКА АД Прилеп Подружница фабрика 3-Штип да поднесе Барања за добивање Дозволи за зафат на води до МЖСПП.

Рокот за извршување на изречената инспекциска мерка од точка 1 на ова Решение, изнесува 90**(девеесет)** дена од ден на прием на Решението.

1) Субјектот на инспекциски надзор од точка 1 на ова решение, е должен веднаш по истекот на рокот определен за извршување на инспекциската мерка, а најдоцна во рок од три дена, писмено и/или по електронска пошта, да го извести инспекторот дали е извршена инспекциската мерка.

## Образложение

Државниот инспекторат за животна средина врз основа на 232 став 2 од **Законот за води** („Службен весник на Република Македонија" бр. 87/2008, 6/2009, 161/2009, 83/2010, 51/2011, 44/2012, 23/2013, 163/2013, 180/2014, 146/2015 и 52/2016) преку државен инспектор Зоран Стојнев, со службена легитимација број 06-0023, изврши редовен инспекциски надзор над субјектот на инспекцискиот надзор Прехрамбена ундустрија ВИТАМИНКА АД Прилеп Подружница фабрика 3-Штип и со Записник бр.Ип1-29-192 од 23.02.2026, ја утврди фактичката состојба:

Извршен е редовен инспекциски надзор во правниот субјект Прехрамбена ундустрија ВИТАМИНКА АД Прилеп Подружница фабрика 3-Штип Од извршениот увид е констатирано дека правниот субјект не поседува Дозвола за зафат на води.

**ПРАВНА ПОУКА**

Против ова решение незадоволната странка може да изјави жалба до Државната комисија за одлучување во втор степен во областа на инспекциски надзор и прекршочна постапка, во рок од 15 дена од приемот на решението.

**Решено во Државниот инспекторат за животна средина под број Ип1-29-192 од 02.03.2026 година.**

**М.П.**

Државен инспектор за животна средина

**Зоран Стојнев**

---

со службена легитимација

број 06-0023 од 29.05.2025год.